# ЛОГИКАТА, АРГУМЕНТАЦИЈАТА И ЈАЗИКОТ: ПОМЕЃУ АНАЛИТИКАТА И ДИЈАЛЕКТИКАТА[1]

**Ана Димишковска-Трајаноска**
*Универзитет Св. Кирил и Методиј, Македонија*

In this paper an attempt is made to show that the new categories and conceptualisations that the argumentation theory, starting from the sixth decade of the twentieth century, has (re)introduced in the contemporary logical and lingusitc discourse, have arisen from its radical return to the ressources of the natural language in its argumentative and communicative function. In that way, the argumentation theory has largely contributed to the overcoming of the implicite reductionism of the axiomatic and formalistic approach, in favour of a larger conception of logic as a theory of rationality in all form of its manifestation, that is not only in its analytical, but also in its dialectical forms.

## Увод

Како резултат на историска коинциденција, или, можеби, на една подлабока динамика на идеите, годината 1958 претставува еден од најинтересните, и, едновремено, најпарадоксални раздобја во развојот на современата логичка мисла. Имено, во оваа година се објавени, независно едно од друго, две дела со «иконокластичка» тенденција во однос на доминантната логичка парадигма во првата половина на дваесеттото столетие; две дела кои на различни, но сепак конвергентни начини, се залагаат за прекин на екслузивната врска на логичките истражувања со математичкото и демонстративното расудување; две дела кои го воведоа, или, поскоро, го обновија интересот за феноменот на аргументацијата изложена со природниот јазик и во контекстот на секојдневниот живот, враќајќи ѝ го статусот и достоинството на легитимен објект на логичката теорија. Имено, станува збор за двата главни философски столба на современата теорија на аргументацијата, едниот во континенталниот, а другиот во англо-саксонскиот контекст: «Трактатот за аргументацијата – новата реторика» од Хаим Перелман (Chaïm Perelman) и Лиси Олбрехт – Титека (Lucie Olbrechts-Tyteca), и «Употребите на аргументот» од Стивен Еделсон Тулмин (Stephen Edelson Toulmin).

Денес, речиси пет децении по нивното првично објавување, важноста на хоризонтите отворени од овие две дела е добро познат и

[1] Овој текст претставува елаборирана верзија на предавањето кое авторката го одржа на 16.07.2005 на «Ecole Normale Supérieure» во рамките на Летниот универзитет на темата «Langues et langage: compréhension, traduction, argumentation».

© А. Димишковска-Трајаноска, 2006

тешко оспорлив факт. Она што заслужува да биде подетално елаборирано е парадоксалниот карактер на нивното влијание. Имено, овој парадокс се состои во фактот што нивната критика на парадигмата на современата формална логика, имајќи најнапред статус на «ереза» во однос на логичката «ортодоксија», на крај, преку различни патишта, беше инкорпорирана во истата оваа парадигма. Уште повеќе, се чини дека таа и дополнително ја зацврсна, обезбедувајќи ѝ нови категории и концептуализации, чиј третман со современиот технички и симболички апарат ќе доведе до резултати од исклучителна важност. Тезата кон чие елаборирање цели овој текст е дека овие нови категории и коцептуализации, кои теоријата на аргументацијата ги воведе во современиот логички дискурс, произлегоа од нејзиното радикално враќање кон ресурсите на природниот јазик во неговата аргументативна и комуникативна функција. На овој начин, теоријата на аргументацијата во голема мерка придонесе кон надминувањето на имплицитниот редукционизам на аксиоматскиот и формалистичкиот приод, во полза на една поширока концепција на логиката како теорија на рационалноста во сите форми на нејзиното пројавување, односно не само во нејзините аналитички, туку исто така и во дијалектичките облици.

**Дистинкциите** ***аналитичко / дијалектичко*** **и** ***аргументација / демонстрација***

Очигледно, возобновувањето на интересот за полето на аргументацијата го означува второто радикално враќање инспирирано од нејзините истражувања: враќањето кон аристотеловата дистинкција помеѓу двата типа расудување – аналитичкото и дијалектичкото расудување. Имено, додека аналитичкото расудување, поаѓајќи од вистинити и несомнени премиси, води кон конклузии кои се исто така вистинити и несомнени, дијалектичкото расудување, поаѓајќи од премиси кои се повеќе или помалку веројатни, т.е. од општоприфатените мненија, «ta endoxa», води кон конклузии кои поседуваат различен логички статус од оној на аналитичките конклузии (cf. Topica: 100b 18). Така, конклузијата на еден дијалектички силогизам би можела, во најдобар случај, да биде општоприфатена, но никогаш не би можела да го достигне идеалот на демонстративна извесност. Дистинкцијата *аналитичко / дијалектичко* наоѓа забележителен израз во самата структура на корпусот логички списи на Аристотел: «Категориите», «За толкувањата» и двете *Аналитики* се однесуваат на аналитичкото подрачје и претставуваат извори на «техничката» логика на Аристотел, додека «Топиката», «За софистичките побивања» и «Реториката», кои се однесуваат на

дијалектичкото подрачје, ги содржат, според зборовите на Волтер Фишер, фундаменталните идеи на «реторичката» или дијалектичката логика на Аристотел (Fisher 1987: 3). Следејќи го Перелмановиот приод, истражувањата од теоријата на аргументацијата го наоѓаат изворот на својата инспирација токму во списите од втората група, неоправдано занемарени како објект на логичката теорија во рамките на современата философија. Според зборовите на Перелман, «Објавувањето на трактат посветен на аргументацијата и неговото поврзување со една древна традиција, онаа на грчката реторика и дијалектика, претставуваат *прекин со концепцијата за разумот и расудувањето, која води потекло од Декарт* и чиј печат ја обележа западната философија во последните три столетија. (...) Всушност, иако никому не би му паднало на ум да одрекува дека моќта за промислување и аргументирање е дистинктивна одлика на разумното суштество, проучувањето на средствата на докажување кои се употребуваат да се добие согласноста, беше целосно занемарена веќе три столетија од страна на логичарите и теоретичарите на познанието. Овој факт се должи на тоа што аргументите кои се наведуваат како поткрепа на некоја теза се непринудувачки. Самата природа на промислувањето и на аргументацијата се спротиставува на нужноста и на очевидноста, бидејќи не се промислува тогаш кога решението е нужно и не се аргументира против очевидноста. Доменот на аргументацијата е оној на веројатното, плаузибилното, веројатното, во мерката во која тоа ѝ се измолкнува на сигурноста на калкулусот» (Perelman et Olbrechts-Tyteca 1983: 1).

Во перелмановската перспектива, чии рамки се фиксирани од овој воведен пасус на «Трактатот за аргументацијата», аргументативната постапка е всушност спротиставена на демонстративната постапка, рефлектирајќи ја, на имплицитен начин, опозицијата *аналитичко / дијалектичко*. Имено, демонстрацијата во математичка, логичка или научна смисла се стреми кон деперсонализација како услов за својата објективност, т.е. својот генерален дострел, употребува формализиран, односно прецизен и лишен од двозначности јазик, поаѓа од премиси прифатени како вистинити и независно од личноста на нејзиниот протагонист, претендира на вродостојност на своите конклузии. За разлика од неа, аргументацијата е секогаш упатена кон некој аудиториум; таа се изразува низ природниот јазик и начинот на нејзиното развивање зависи од говорникот. Имајќи предвид дека нејзините премиси се само веројатни наместо нужно вистинити, нејзините конклузии се секогаш подложни на оспорување, ако не и отфрлање (Reboul 1994: 100). Овие карактеристики можат лесно да се

воочат во прочуената дефиниција формулирана од Перелман и Олбрехт-Титека, која на аргументацијата ѝ го припишува «проучувањето на дискурзивните техники кои овозможуваат да се предизвика или да се зголеми приклонувањето на умовите кон тезите кои им се презентираат за согласување» (Perelman et Olbrechts-Tyteca 1983: 5).

Се разбира, би било неоправдано да се апсолутизира оваа шематска спротиставеност помеѓу аргументацијата и демонстрацијата. Како што подвлекува Оливие Ребул, во формалната концепција за разумот и расудувањето, овие два концепта можат да бидат употребени како синоними. Понатаму, според истиот автор, демонстрацијата како научна постапка воопшто не е така чиста, ригорозна и хомогена како што ја прикажуваше Перелман. Имено, во самото средиште на егзактните науки понекогаш се јавуваат контроверзи кои не можат да бидат разрешени на демонстративен начин. Освен тоа, формалната, логичко-математичка демонстрација не може да биде третирана како идентична со експерименталната демонстрација, бидејќи вторава, како исклучително значајна научна постапка, бара воведување и на други критериуми освен логичката валидност (Reboul 1994: 106). Сепак, имајќи ги предвид овие резерви, во истражувањата на аргументацијата од перелмановска инспирација останува едно општо место кое заслужува посебно внимание: тезата за суштинската зависност на аргументацијата од природниот јазик. Во нејзината радикална верзија, експлицитно формулирана од Ребул, оваа теза се сведува на негацијата на самата возможност аргументацијата да се изрази во некој вештачки, конструиран јазик, бидејќи, според него, аргументацијата му се обраќа на човекот сфатен како тоталитет: не само како суштество кое размислува, туку и како суштество кое чувствува и кое дејствува (Reboul 1994: 107).

Без да се обврзуваме на радикалната верзија на оваа теза за принципиелната неизразливост на аргументацијата во некој формално-логички, вештачки јазик, сепак, идејата за вкоренетоста на аргументацијата во природниот јазик, а со тоа и во контекстот на расудувањето во практичниот живот, можеме да ја земеме како појдовна точка на предложената рефлексија. Во функција на главната теза на овој текст, вниманието ќе го задржиме врз три точки во кои на највпечатлив начин се манифестира субверзивниот, и едновремено креативен потенцијал на аргументацијата водена во природниот јазик; субверзивен во однос на класичната формалистичка концепција за логиката, јазикот и расудувањето, а креативен во смисла на воведување на едно проширено и продлабочено разбирање на

концептот и на категориите на рационалноста. Така, најнапред ќе се задржиме врз непринудувачкиот карактер на аргументацијата, понатаму, врз нејзиниот дијалошки карактер, и најпосле врз структурата на аргументативната интеракција, која го мотивираше супституирањето на класичниот концепт на формата со концептот на процедурата. Потоа, вниманието ќе го свртиме врз релацијата на овие одлики со новите достигања во рамките на некласичните логики, со цел да сугерираме погенерални заклучоци во поглед на дострелот и теориското значење на современите истражувања на аргументацијата.

**Одликите на аргументацијата**

а) *Непринудувачкиот карактер на аргументативниот дискурс*

Во однос на првата точка, би можело да се каже дека важноста на елаборацијата на непринудувачкиот карактер на аргументацијата почива во воведувањето на идејата дека, наспроти класичниот рационалистички приод, рационалноста на некој дискурс не треба да се идентификува со неговата конклузивна извесност (Alexy 1989: 179). Всушност, според Перелман, картезијанскиот методолошки постулат – да се смета како лажно она што е само веројатно – наметнува една интерпретација на феноменот на несогласувањето кое него го посматра како знак на заблуда. Имено, кога еден од соговорниците кои не се согласуваат околу некое прашање би поседувал јасен и разделен увид во вистината, тој би можел да му го изложи на својот противник на таков начин што овој би бил принуден да го прифати. Наспроти тоа, во Перелмановиот приод, несогласувањето претставува супстанцијален и конститутивен феномен во подрачјето на аргументацијата: процесот на аргументативна интеракција се заснова токму врз можноста за формулирање на спротиставени тези кои поседуваат еден почетен степен на плаузибилност.

Во ситуацијата на судир на аргументите кои одат во прилог на спротиставени конклузии, еден мета-критериум е од особено значење: имено, станува збор за можноста да се одмери нивната релативна тежина, односно да се формулираат принципи или критериуми на преферирање на еден аргумент или тип на аргумент во однос на другите. На полето на правната аргументација таква е, на пример, функцијата на мета-правните принципи *lex specialis derogat legi generali, lex posterior derogat legi priori, lex superior derogat legi inferiori*, итн. Сепак, во смисла на општо правило, мошне е тешко, ако не и невозможно да се формулираат универзални критериуми со помош на кои ќе се определи, во секој поединечен случај, кој аргумент треба да однесе апсолутна победа над конкурентите. Главната причина на оваа невозможност не е само несводливата различност на

конкретните ситуации во кои се употребуваат аргументативните техники, туку исто така и различноста, односно инкомпатибилноста на подлежечките аксиолошки постулати во конкретните аргументации и нивниот «подземен» конфликт.

Значи, во една поопшта смисла, непринудувачкиот карактер на аргументацијата како пример за дијалектичкото расудување се должи на фактот што таа, во принцип, не се однесува на научната демонстрација, туку на делиберацијата и контроверзите. А во оваа сфера улогата на вредностите и вредносните избори честопати го блокира првичното согласување неопходно за расудувањето – согласувањето во поглед на премисите, кои обично се од нормативна и телеолошка природа и мошне ретко се предмет на универзален консензус. Во таа смисла, според интерпретацијата на Плантен «функција на аргументацијата е да ги регулира конфликтите кои се јавуваат во доменот на дејствувањето и произлегуваат од инкомпатибилните вредносни системи на различните дејствители» (Plantin 1990: 20).

Во овој контекст, би можело да се каже дека механизмите на природниот јазик во неговата аргументативна употреба претставуваат природна бариера за формите на редукционизмот против кои, реафирмирајќи ја дијалектичката и реторичката традиција, се бореше Перелман: редукцијата на разумот на калкулус, на рационалното на докажливо, на конфликтот на недоразбирање.

Имено, флексибилните граници на базичните концепти на природниот јазик и нивната интринсична повеќезначност се спротиставуваат на постапките на дезамбигуација карактеристични за формалистичката концепција на расудувањето. Токму затоа, процесот на интерпретација на термините од природниот јазик е нераскинливо врзан со аргументацијата, не само во секојдневниот живот, туку исто така и во значајни институционални контексти, како, на пример, правниот контекст.

Борбата против имплицитното која ја водеа формалистите и логицистите, односно борбата против подразбраната семантичка содржина чие влегување во системот би можело да ја загрози формалната строгост на математичкиот доказ, на сличен начин ја губи својата оправданост во контекстот на аргументацијата. Имено, голем број од нејзините техники ја црпат својата комуникативна сила токму од нивото на имплицитното во природниот јазик.

Најпосле, како говорници на природниот јазик, ние никогаш не можеме целосно да ги уживаме благодетите на чисто логичката процедура на разрешување на дискурзивните конфликти. Така,

постапките на дефинирање на првичните термини и пресметувањето на консеквенците можеби би можеле да ги елиминираат недоразбирањата, но тешко е веројатно дека тие би можеле да ги избришат вредносните и емоционалните наслојки со кои се оптоварени конститутивните елементи на природниот јазик како своевидна «форма на живот». Може да се каже дека со цел да се разреши конфликтот кој го мотивира аргументативното соочување, постои потреба од постигнување на согласност која е многу подлабока отколку согласноста во врска со дефинициите и правилата на изведување на исказите.

б) *Дијалошката структура на аргументација*

Антагонистичката природа на аргументативната ситуација ја раѓа нејзината втора одлика која е релевантна за нашата тема. Имено, станува збор за увидот во нејзината дијалошка структура, чија елаборација ја воведе дијалошката перспектива во проучувањето на расудувањето, на местото на монолошката концепција која, на имплицитен начин, ја карактеризираше концепцијата на класичната логика.

Промовирањето на конститутивната улога на другиот, на активниот или пасивниот соговорник, за активноста на расудувањето, е вградена во самиот темел на современата теорија на аргументацијата. Започнувајќи од споменатата дефиниција на Перелман и Олбрехт-Титека, втемелена врз гледиштето дека секоја аргументација се развива во функција на некој аудиториум, во поголемиот дел од современите дефиниции на аргументацијата, концептот на аудиториумот или на соговорникот зазема централно место. Според Кристијан Плантен, на пример, «Аргументацијата е операција преку која некој говорник се обидува со лингвистички средства да го преобрази системот на верувања и претстави на својот соговорник» (Plantin 1990: 146). За Емерен, Хротендорст и Краухер, «Аргументацијата претставува социјална, интелектуална, вербална активност, чија цел е да се оправда или побие некое мнение, и која е составена од констелација на искази и насочена кон добивање согласност од некој аудиториум» (Eemeren, Grootendorst and Kruiger 1987: 7).

Сепак, иако концептот на аудиториумот, а особено дистинкцијата помеѓу поединечниот и универзалниот аудиториум како норма на рационалноста на аргументацијата претставува мошне важна и едновремено мошне спорна точка на перелмановската концепција, во оваа прилика нема да инсистираме на неа. За возврат, би го нагласиле значењето на еден друг фундаментален концепт на оваа мисловна

линија, кој е можне важен за релацијата помеѓу аргументацијата и механизмите на природниот јазик: концептот на «интелектуален контакт» помеѓу учесниците во аргументативната активност. Имено, доколку ја прифатиме тезата дека главната цел на оваа активност е приклонувањето на умовите, обврзани сме да го претпоставиме постоењето на интелектуален контакт помеѓу соговорниците: «за да има аргументација, потребно е, во даден момент, да се реализира една ефективна заедница на умовите. Потребно е да се постигне согласност, најнапред и принципиелно, околу формирањето на оваа интелектуална заедница, а потоа и околу фактот дека заеднички се прасправа за определено прашање (...)» (Perelman et Olbrechts-Tyteca 1983: 18).

Концептот на интелектуален контакт помеѓу соговорниците се смета за важен во овој контекст затоа што тој издвојува уште една суштествена одлика на аргументацијата во природниот јазик, поврзана со нејзината дијалошка природа: интенционалноста на јазичната комуникација манифестирана врз аргументативниот план. Можноста за препознавање на интенцијата на говорникот од страна на аудиториумот / соговорникот, благодарение на постоењето на контакт воспоставен со помош на јазикот, не е само, како што покажаа Анскомбр (Anscombre), Дикро (Ducrot), Грајс (Grice) и други мислители, конститутивен елемент на смислата на исказите. Таа е, едновремен, и неопходен услов за функционирањето на еден комплекс од механизми кои во аргументацијата можат да бидат употребени на мошне продуктивен начин, како, на пример, механизмите на разговорната импликатура и на говорните чинови со различна илокуторна сила. Благодарение на креативната релација помеѓу јазичните конвенции и интенциите на говорниците кои нив ги употребуваат во комуникацијата, можно е исто така да се развие и стратегиската компонента на аргументацијата, сфатена како капацитет за ориентирање на дијалогот кон целта која ја посакува говорникот, со цел да триумфира во дискурзивното соочување. Концептот за дијалошка стратегија, толку вообичаен и добро познат во секојдневната комуникација, ќе покаже еден мошне значаен логички потенцијал за кој подоцна ќе стане збор, и кој претставува уште едно сведоштво за неисцрпноста на природниот јазик како извор на логички и симболички концептуализации.

в) *Процедуралниот аспект на аргументацијата*

Дијалошката основа на расудувањето, потенцирана од страна на теоријата на аргументацијата, ја разоткри и третата карактеристична одлика на феноменот на аргументацијата – процедуралниот карактер на рационалноста, во смисла на постоење на правила на процедурата

во согласност со кои се одвива рационалната комуникација. Промовирањето на оваа идеја на мошне експлицитен начин се среќава во Тулминовото дело «Употребите на аргументот», во кое авторот, слично како и Перелман, но сепак независно од него, го изразува чувството на неодржливост на јазот помеѓу «фундаменталните поими на логичката теорија и категориите кои се оперативни во нашето секојдневно оценување на аргументите» (Toulmin 1958: 7). Според интерпретацијата на Плантен, Тулмин, покажувајќи дека проблемите поставени од страна на Аристотел, втемелувачките прашања на логиката како дисциплина «не биле разрешени, туку едноставно потиснати од страна на формалните дострели на модерната логика», се обидува да ја реафирмира «изворната функција на логиката која се состои во анализа на постапките преку кои доаѓаме до рационални конклузии» (Plantin 1990: 24). Овие постапки несомнено поседуваат формален аспект, но според Тулмин, концептот на «форма» на аргументацијата, кој, во формалнологичката традиција, има клучна улога во евалуацијата на валидноста на аргументите, не треба да биде интерпретиран во квази-геометриска или во математичка, туку во процедурална смисла. Всушност, формата на аргументацијата се состои во извршувањето на извесен број чекори по определен редослед, во сообразност со претходно определени процедурални правила (Toulmin 1958: 43). Овие чекори, кои ги сочинуваат етапите на аргументацијата, се: 1) формулација на проблемот; 2) набројување на можните решенија; 3) процесот на нивно одмерување едни спрема други, со цел да се дојде до решение кое, во некои случаи ќе биде нужно, а во други – најдобро од постојните решенија. Овие етапи можат да се воочат во сите можни полиња на аргументите, од каде следува заклучокот дека токму процедуралната форма на аргументацијата ја претставува нивната генерална карактеристика, неменлива и независна од полето на аргументите.

Оваа «процедурална» концепција на Тулмин води, всушност, до уште една точка на вкрстување со перелмановската линија на мислата; поентата на приближувањето помеѓу логиката и правото. Притоа, правото е промовирано во нова парадигма на логичките истражувања, благодарение на важноста на неговата процедурална и јустификативна компоненета. Во една прочуена метафора, Тулмин дури и ќе ја идентификува логиката со «генерализирана јуриспруденција», инсистирајќи врз аналогијата помеѓу судскиот процес, во кој се поставуваат, дискутираат и разрешуваат прашањата во судницата, и рационалниот процес во наопшта смисла, во кој се изнесуваат и продуцираат аргументи во однос на некоја почетна теза. Пледирајќи за

некое гледиште, ние, според Тулмин, го браниме сопствениот случај пред трибуналот на рационалноста (Toulmin 1958: 7-8). Кај Перелман, пак, го среќаваме истото припишување на привилегиран статус на правниот модел, како своевидна «парадигма на рационалноста, која треба да ја замени математичката парадигма во анализата на секојдневните расудувања» (Plantin 1990: 12).

**Аргументацијата, јазикот и формализацијата**

Споменатата позиција, на извесен начин, претставува еден вид кулминација на фундаменталниот проект на истражувањата на аргументацијата. Суштината на овој проект, според Перелман и Олбрехт-Титека, се состоеше во обидот теоријата на демонстрацијата, конституирана од напорите на современите логичари да ги анализираат средствата на докажувањето кои се користат од страна на математичарите, да ја надополнат со теоријата на аргументацијата, втемелена врз анализите на средствата на докажување со кои се служат хуманистичките науки, филозофијата и особено правото (Perelman et Olbrechts-Tyteca 1983: 13). Во овој контекст, правото, како што беше споменато, доби двоен статус на еден тип на аргументација помеѓу останатите, но исто така и на парадигматичен дискурс, кој ги дефинира глобалните рамки на аргументацијата воопшто.

Сепак, иако, според Перелман, методот кој го користи теоријата на аргументацијата претставува имитација на методите кои се покажаа исклучително успешни кај логичарите почнувајќи од втората половина на деветнаесеттото столетие, фундаменталната разлика помеѓу овие две постапки не смее да биде потценета. Имено, клучниот залог за успехот на проектот на современата логика, објавен уште во прочуеното «Поимно писмо» на Готлоб Фреге (Gottlob Frege), беше конструкцијата на еден вештачки јазик како неопходен инструмент за реализација на нејзината главна цел: прецизна анализа и репрезентација на релациите на логичко следување помеѓу исказите, релации кои се замаглени од вообичаеното функционирање на природниот јазик. Конструирајќи го овој вештачки јазик по углед на јазикот на аритметиката, современата логика ги позајми од математиката шемите и средствата за формална анализа на базичните елементи на природниот јазик. Оваа анализа се покажа како коренито различна од традиционалната анализа; како што е познато, една од главните новини на овој приод, се состоеше во тоа што елементарниот исказ беше логички анализиран не според традиционалниот граматички образец субјект-предикат, туку според математичкиот образец функција-аргумент. Врз база на оваа промена на парадигмата, современата симболичка логика констуираше еден моќен симболички

апарат, способен да ги дофати и да ги изрази механизмите на дедуктивното и формалното расудување, и едновремено да ги артикулира логичките основи на математиката.

За разлика од неа, теоријата на аргументацијата која, во првиот период од својот развој, беше непријателски настроена кон самата идеја за формален третман на аргументативните процедури, не ја зема предвид можноста за конструирање на сличен технички апарат. Овој апарат, доколку би имал формална и симболичка природа, би овозможил конкретизација на нејзините увиди во модели употребливи при анализата, репрезентацијата и евалуацијата на аргументациите на систематски и теориски втемелен начин. Со отфрлањето на оваа идеја, теоријата на аргументацијата се лиши од можноста да преставува нужна дополна, ако не и теориски ривал на формалната логика од математичка провениенција. Имено, и покрај нејзините напори и резултати на неформален план, теоријата на аргументацијата од перелмановска инспирација всушност не успеа на дијалектичкото расудување да му обезбеди теориска рамка способна да ги сфати и претстави неговите механизми на начин на кој формалната логика го направи тоа за аналитичкото расудување.

Имајќи го предвид сето ова, би можеле да кажеме дека од една историска перспектива, исклучивото концентрирање врз неформалниот карактер на аргументацијата и нејзините останати одлики врзани за функционирањето на природниот јазик, имаше двоен ефект: позитивен и стимулативен според еден копмплекс на критериуми, но негативен и попречувачки според друг. Од една страна, потпирањето врз потенцијалот на природниот инструмент на расудувањето – природниот јазик, беше неопходно како средство да се изврши промената, односно парадигматскиот пресврт во современите логички истражувања; пресврт кој ја поништи исклучивата фиксираност врз математичкиот образец на рационалноста, заменувајќи ја математиката со правото и аналитиката со дијалектиката; пресврт кој ја покажа потребата од повторно промислување на статусот на непринудувачкото расудување, промовирајќи ја важноста на категориите на дијалогот и процедурата во нивното функционирање. Но од друга страна, инсистирањето врз нужната врска на аргументацијата и природниот јазик, следено од отфрлањето на постапките на формализацијата, би можело, во извесна смисла, да го попречи логичкиот прогрес инспириран од фундаменталните резултати на теоријата на аргументацијата.

**Некласичните логики и збогатувањето на апаратурата на класичната логика**

Споменатите резултати, всушност, укажаа на постоењето на механизми на расудувањето кои функционираат на еден поинаков начин отколку класичните индуктивни и дедуктивни проседеа, но чија улога во практичниот живот и во извесни теориски полиња е од исклучителна важност. Имено, станува збор за механизмите на т.н. «плаузибилно расудување», кои се опираат на третманот со класичните аксиоматско-дедуктивни модели. Овие механизми во своето функционирање оперираат со неконзистентни и некомплетни информации, употребувајќи генерални правила кои ги изразуваат нормалните презумпции; таквите правила, пак, од своја страна, го допуштаат постоењето на исклучоци и повлекувањето на претходно изведените конклузии во светлината на новите информации (Walton 2002: 110).

Имајќи го предвид фактот што овој тип на расудување е мошне чест, ако не и фундаментален во вообичаената комуникација, навистина не постоеше подобар начин за откривање на неговите феномени од истражувањето на нивниот природен хабитат – природниот, обичниот јазик. Сепак, со цел овие откритија да можат да бидат издигнати на научно ниво и да придонесат кон елаборацијата на алтернативни, нови логички модели, чија флексибилност ќе ја овозможи нивната примена во полињата каде строгоста на класичните модели е непожелна или недоволно функционална, беше неопходно да се пристапи кон користењето на ресурсите на логиката како техничка дисциплина; првенствено, на нејзинот главен инструмент – нејзиниот вештачки, симболички јазик.

На историски план, во седумдесеттите години на дваесеттото столетие, не многу долго после промовирањето на базичните идеи на теоријата на аргументацијата, оваа нужност започна да добива поширока признаеност, и тоа на иреверзибилен начин. На тој начин, потребата за интеграција и конвергенција на перспективите на теоријата на аргументацијата, од една, и на формалната, симболичка логика, од друга страна, ја надмина нивната првична дивергенција. Имено, додека теоријата на аргументацијата отвори ново поле на истражување, обезбедувајќи нови проблеми и категории за формалната анализа, формалната логика, од своја страна, го овозможи нивниот третман со својот моќен научен апарат, доведувајќи до резултати кои се достојни да бидат инкорпорирани во јадрото на современата логичка теорија.

На тој начин, тезата спомената во првиот дел од овој текст, имено, тезата за неизразливоста на аргументацијата во некој вештачки и формализиран јазик е сериозно релативизирана, ако не и побиена.

Имено, доколку се прифати идејата дека феноменот на аргументацијата поседува едно логичко јадро, макар и тоа да е збогатено со елементи на убедувањето кои потекнуваат од сферата на реториката, обврзани сме, исто така, да ја прифатиме и идејата за постоењето на некаква подлежечка, шематска рационална структура која се среќава во потенцијално неограничен број на конкретни аргументации. Во таа смисла, употребата на вештачкиот јазик во проучувањето на аргументацијата можеби нè онеспособува да ги доловиме стилистичките ефекти и емоционалното влијание на природниот јазик во неговата аргументативна употреба; но, од друга страна, нивното доловување никогаш и не било цел на конструирањето на логичкиот симболички јазик. Напротив, неговата природа на инструмент конструиран за научни цели ја определува неговата главна функција – откривањето и воочувањето на фундаменталните, апстрактни структури во согласност со кои се одвива аргументативната активност. И доколку е очевидно дека овие структури од дијалектичка природа поседуваат некаква специфичност во однос на аналитичките структури, главната задача се состои во обидот да се прецизира и елаборира оваа специфичност, макар и тоа да значи дека е неопходно да се видоизмени, усоврши и збогати самиот инструмент – симболичкиот јазик кој се употребува од логичките системи како средство на формализацијата. Фактот што аргументативните процедури, поради нивниот непринудувачки статус, не се сообразуваат со правилата на класичната дедукција, не имплицира дека тие се апсолутно вон дострелот на формализацијата, како што, се чини, сметаше Перелман. Оттаму, наместо да се следи неговиот приод на принципиелно отфрлање на формализацијата во проучувањето на аргументацијата, вистинскиот предизвик е токму обидот да се трансформира постојниот формален апарат, преку создавањето на нови, помошни технички алатки, кои поседуваат капацитет да ги моделираат нестандартните логички одлики на аргументацијата.

Токму затоа дострелот на резултатите на теоријта на аргументацијата би можел да биде оценет и развиен на адекватен начин не врз планот на класичната логика, туку во рамките на некласичните логички системи. Овие системи, имено, го прошируваат стандартниот јазик со нови оператори и правила на заклучување, кои манифестираат специфично логичко поведение. Благодарение на истражувањата на полето на некласичните логики, сите «субверзивни» одлики на аргументацијата станувааt податливи за продуктивна елаборација, иницирајќи, за возврат, философска рефлексија која се однесува на самите основи на логичката теорија. Така, на пример,

нормативниот елемент на расудувањето, мошне чест во премисите од кои се поаѓа во конкретните аргументации, а особено во правната аргументација, е изолиран и опстојно проучуван од страна на деонтичката логика. Оваа логика, определена како формално проучување на исказите кои содржат нормативни изрази како «дозволено», «забрането», «обврзно», «факултативно» и слични на нив, е систематски развивана од страна на Георг Хенрик фон Рихт (Georg Henrik von Wright) и редица други мислители, меѓу кои Ристо Хилпинен (Risto Hilpinen), Патрис Бејаш (Patrice Bailache), Пол МекНамара (Paul McNamara), итн. Функционирањето, пак, на непрецизните термини на природниот јазик, врз кое се засноваат голем број аргументативни феномени, наоѓа една потенцијална објаснувачка рамка на истражувањата на т.н. «логика на непрецизноста» (fuzzy logic, logique du flou). Имено, во рамките на оваа логика, втемелена од страна на Лотфи Задех (Lotfi Zadeh) во 1965 година, се проучуваат одликите на неопределените предикати или множества (fuzzy sets), како и исказите со повеќе од една вредност на вистинитост (поради што оваа логика честопати се третира како гранка на поливалентната логика). Што се однесува до непринудувачкиот, а сепак рационален карактер на аргументацијата, тој е во значајна мерка расветлен од страна на истражувањата на немотоничните логики, особено во делата на Хенри Пракен (Henry Prakken), Герхард Бреука (Gerhard Brewka), Томас Гордон (Thomas F. Gordon) и низа други современи истражувачи на полето на логиката и вештачката интелигенција. Имено, системите на немонотоничната логика, моделирајќи го феноменот на плауцибилното и отповикливо расудување, овозможуваат изведување на конлузии кои не се имплицирани од премисите на класичен дедуктивен начин; причина за ова е фактот што негацијта на конклузијата не е инкомпатибилна со премисите, што, од своја страна, е невозможно во моделот на класичната дедукција. Најпосле, дијалошката и процедурална структура на аргументацијата може да биде анализирана и претставена благодарение на средствата развиени од системите на современата дијалошка логика, од страна на Елзе Барт (Else M. Barth), Ерик Крабе (Eric C.W. Krabbe), Паул Лоренцен (Paul Lorenzen), Куно Лоренц (Kuno Lorenz), Даглас Волтон (Douglas Walton), Шаид Раман (Shahid Rahman) и други мислители. Во овие системи, имено, правилата кои го дефинираат функционирањето на логичките оператори се интерпретирани како правила за дискусија помеѓу двајца соговорници, пропонент и опонент. Според темелните претпоставки на оваа перспектива, дури и самата логика е дефинирана како «формално проучување на аргументативните чинови, кои се

одвиваат во согласност со прецизни правила» (Rahman 2000: 6). Така, феноменот на аргументацијата стекнува втемелувачки статус во однос на логиката, која, според зборовите на Шаид Раман, е стафена «од прагматичка гледна точка како инструмент, создаден од луѓето за човечките потреби, а особено за раководење и контролирање на аргументацијата» (Rahman 2000: 4).

**Заклучни согледби**

На овој начин, еден од базичните проблеми на односот помеѓу логиката сфатена како теорија на аналитичкото расудување и теоријата на аргументацијата како теорија на дијалектичкото расудување, се наметнува за разгледување со нов интензитет. Како што веќе беше споменато, перелмановскиот пристап ја имаше предвид принципиелната разлика на нивните полиња и методи. Сепак, се чини дека оваа позиција, инсистирајќи врз разликите, фактички воведува еден длабок јаз на полето на логичката теорија, воспоставувајќи едноставна јукстапозиција наместо вистинска интеграција на овие две форми на манифестација на рационалноста. Во историска смисла, иако се чини дека структурата на Аристотеловиот «Органон» ја оправдува оваа јукстапозиција, би можело да се каже дека аристотеловската концепција се обидува да му даде една поинаква форма на нивниот заемен однос, заснован врз нивната заедничка основа, но сепак припишувајќи ѝ извесен втемелувачки приориет на дијалектиката. Најнапред, како што е добро познато, дефиницијата за силогизмот фигурира уште во «Топиката» (100а18 25-27), односно во темелниот спис од групата посветена на дијалектичкото расудување. Освен тоа, според Аристотел, демонстрацијата во смисла на apodexis претставува еден вид силогизам, но не секој силогизам претставува демонстрација; оттаму следува дека теоријата на силогизмот е поопшта од теоријата на демонстрацијата (An.Pr. 25b 28-31), благодарение на самиот факт што силогистичкото расудување се среќава исто така и во полињата кои не влегуваат во доменот на демонстративното – имено, дијалектиката и реториката. Аристотел исто така подвлекува и дека првите принципи на науката, која претставува репрезентативен случај на демонстративното познание, се, всушност, објект на проучување на дијалектиката (Topica: 101a37-101b4). Продолжувајќи ја оваа линија на размислување, може да се каже дека конечниот резултат на теорискиот «бунт» против доминацијата на аналитиката во рамките на современата философија и логика е воведувањето на идејата за своевидно пресвртување на оптиката. Имено, наместо дијалектиката да се третира како несовршена аналитика, која се доближува до демонстративниот идеал на асимптотски начин, без никогаш да може

комплетно да го досегне, можно ли е аналитиката да се третира како идеализирана дијалектика, во која од различни разлози, и за разлика од нормалната ситуација, премисите се претпоставени како неспорни и подложни на формализација без ограничување?

Без претензија да дадеме дефинитивен одговор на ова прашање, како заклучна согледба уште еднаш би ја подвлекле улогата на природниот јазик како извор на логичките концептуализации, одново потврдена од страна на истражувањата на аргументацијата и нивната релација со струењата во современата формална логика. Имено, како природен инструмент на човечкото расудување, природниот јазик ни дава уникатна можност за откривање и препознавање на логичките феномени, преку конкретните расудувања, кои, според формулацијата на Робер Бланше, ни го обезбедуваат разлогот за спознавањето (ratio cognoscendi) на логичките закони; но со цел овие закони да можат да го обезбедат разлогот за оправдувањето (ratio justificandi) на конкретните заклучоци, неопходно е тие да бидат формулирани на универзален начин (Blanché 1973: 17). Токму ова ја раѓа потребата од користење на еден технички, вештачки создаден инструмент, кој ќе им даде прецизна форма на логичките увиди; јазик создаден специјално за таа цел и, за разлика од природниот јазик, бесполезен за која и да било друга цел.

Се разбира, секогаш останува отворена можноста на незабележлив начин да станеме робови на инструментот кој самите сме го создале, неспособни да излеземе од концептуалната шема која него го произвела. За среќа, историјата на логиката, преку многубројни дамнешни и современи примери ни покажува дека «иконокластички» настроените философи и логичари секогаш ќе бидат подготвени да ја почувствуваат заканата, и да се борат против екстремите на ригоризмот во случаите кога тој се деградира до стерилност и станува пречка за развојот на мислата. Притоа, природниот јазик, благодарение на неговите речиси чудесни капацитети да го изрази и епитомизира сето она коешто е значајно во човечкиот живот било на планот на мислата, било на планот на емоциите и дејствувањето, бил и останува нивниот најдобар сојузник во оваа борба.

## Библиографски список

*Alexy R.* A Theory of Legal Argumentation / R. Alexy. Oxford: Clarendon Press, 1989.

*Aristotle* Posterior Analytics, Topica / Aristotle // William Heinemann ltd. Cambridge, Massachusetts, London: Harvard University Press, MCMLXII.

*Aristotle* The Categories. On Interpetation. Prior analytics / Aristotle // William Heinemann ltd. Cambridge; Massachusetts; London: Harvard University Press, MCMLXII.
*Blanché R.* Le raisonnement / R. Blanché. Paris: P.U.F., 1973.
*Eemeren F.N. van et al*. Handbook of Argumentation Theory – A Critical Survey of Classical Backgrounds and Modern studies / F.N. van Eemeren, R. Grootendorst and T. Kruiger. Dordrecht: Foris, 1987.
*Fisher W.R.* Argumentation / W.R. Fisher // Technical Logic, Rhetorical Logic and Narrative Rationality. 1987. Vol. 1. № 1. P. 3-22.
*Perelman Ch. et al.* Traité de l’argumentation / Ch. Perelman, L. Olbrechts-Tyteca. Bruxelles: Editions de l’Université de Bruxelles, 1983. 4e éd.
*Plantin Ch.* Essais sur l’argumentation / Ch. Plantin. Paris: Kimé, 1990.
*Rahman Sh.* Philosophie pragmatique et les logiques non-classiques / Sh. Rahman. Saabrücken, 2000. Manuscript.
*Reboul O.* Introduction à la rhétorique / O. Reboul. Paris: P.U.F., 1994.
*Toulmin S.* The Uses of Argument / S. Toulmin. Cambridge University Press, 1958.
*Walton D.* Legal Argumentation and Evidence / D. Walton. Pennsylvania: Pennsylvania State University Press, 2002.